Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-133 од 17.04.2025 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 година и Заклучокот арх.бр.02-1832/5 од 24.04.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 18-та седница одржана на 24.04.2025 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 17-та седница одржана на 16.04.2025 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1752/5 од 16.04.2025 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-133 од 17.04.2025 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г., затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г. и не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2025-100-0086 од 28.02.2025 г. (наш арх.бр.05-830/1 од 28.02.2025 г.).

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-133 од 17.04.2025 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското

радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје, Уп1 бр.08-128 од 13.03.2017 г. и Заклучокот арх.бр.02-1832/5 од 24.04.2025 година, Советот на Агенцијата, на 18-та седница одржана на 24.04.2025 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај, Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.